Бр./Nr 12-1217/1
13-03-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 29-та седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-1763/1 од 13.06.2025 година, против лицето ----, поранешен Директор на ЈОУДГ "----" - ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност и нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Предметот со бр. 12-1763/1 од 13.06.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 13.06.2025 година, поднесена е пријава против лицето ----, поранешен Директор на ЈОУДГ "----" - ----и оформен е предмет бр. 12-1763/1 од 13.06.2025 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во пријавата подносителот наведува дека претходната директорка ----, го оштетила буџетот на градинката, вработувајќи лице без лиценца за негувател, без притоа да се посочи за кое лице се работи.

ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност. Ова од причина што наводите во пријавата не се конкретизирани во смисла на тоа кое е конкретното лице вработено во детската градинка од страна на поранешната директорка, а не поседувало лиценца за негувател. Дополнително, ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. член на ДКСК